# СЕДЕНКА СЕ ЗБИРА




I

Седенка се збира, мама не ме пушта, (2 пати)
мама не ме пушта на седенка д' идам,
на седенка д' идам, с' либе да се видам.

II.

С' либе да се видам, оти војник ќе оди (2 пати)
оти војник ќе оди, време три години,
време три години и шест месеци.

III

Мама, тате велат, ај да вечераме, (2 пати)
ај, да вечераме, па да ѕи легниме. (2 пати)

IV

Сите си заспаа, мене сон не фаќа, (2 пати)
мене сон не фаќа на седенка да идам, (2 пати)

V

На седенка да идам, с' либе да се видам, (2 пати)
с' либе да се видам оти војник ќ' оди. (2 пати)

VI

Излегов на порти, слушам жални песни, (2 пати)
слушам жални песни, песни за разделба. (2 пати)

Димчевски, Горѓи. Седенка се збира. Скопје: Културно-просветна заедница на Скопје, 1986